АДКОМ

КХС

КОМУНАЛНА ХИГИЕНА-СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ДЕПОНИЈА ДРИСЛА - СКОПЈЕ

*во соработка со*

*Министерство за животна средина и просторно планирање на Р.М и Градоначалникот на Град Скопје Г-дин Трајановски*
*ОРГАНИЗИРААТ*
*2 меѓународна конференција на тема*

# ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИ-ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ВО ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

## 28-30 Септември 2011-Скопје

## ПОВИК ЗА ТРУДОВИ

Отпадот е последица на човековите активности а одржливиот развој еден од императивите на денешницата.Постапувањето со отпадот е составен дел на одржливото управување со материјалите кое мора да има своја директна и индиректна економска оправданост. Тематските подрачја се внимателно одбрани при што нашите очекувања се дека експертите и специјализираните институции и компании ќе најдат потреба и интерес да ги кажат своите видувања,достигнувања,актуелни ангажирања и можности за соработка.

## Тематските подрачја:

- Национално и меѓународно законодавство во управувањето со отпадот-искуства;
- Интегрирано управување со отпад – рационализации во селекција,рециклирање, транспорт;
- Можности за инвестирање во управувањето со отпадот во Р.Македонија;
- Проценка на енергетскиот потенцијал на отпадот-методи за искористување;
- Постапување со разни видови на отпад;
- Опции за одржлив систем во постапување со отпадот-Јавни претпријатија,јавно приватно партнерство и концесионерство;
- Постапување со отпадот како услужна стопанска дејност од јавен карактер;
- Здравствено еколошки аспекти во управување со отпадот;
- Проценка на ризик на работно место во комуналните претпријатија

## Техничка изложба

Во рамките на конференцијата во холот на салата ќе се одржи изложба на производи и опрема кои се однесуваат на конференциските теми.

Компании и фирми можат да ги презентираат своите активности,производи и опрема кои се однесуваат на конференциските теми на изложбени штандови.Изложбените штандови ќе бидат поставени на приземјето во Бизнис центарот на Скопски саем,непосредно до конференциската сала.

## Организатори:

**АДКОМ** - Здружение на даватели на комунални услуги на Р.Македонија

**ЈП Комунална Хигиена – Скопје** - најголемо претпријатие во управување со отпад во Р.Македонија,100 години искуство,покрива 30% од населението и правните субјекти во државата

**ЈП Депонија ДРИСЛА**-единствена и најголема санитарна депонија со иселератор за согорување на медицински и фармацевтски отпад во Р.Македонија

## Соорганизатори:

**Управа за животна средина-МЖСПП**

**Сектор за животна средина и Сектор за комунални работи на Град Скопје**

## Организациски Одбор

- Г-дин Зоран Илиоски-Претседател на АДКОМ
- Г-дин Музафер Мурати Подпретседател на АДКОМ
- Г-дин Ракип Дочи Генерален Директор-ЈП Комунална Хигиена Скопје
- Г-дин Горан Ангелов –Генерален Директор ЈП Депонија ДРИСЛА
- Г-дин Игор Спасовски-Генерален Директор на ЈКП Солидарност Виница
- Г-ѓа Лолита Стојановска-Извршен Директор на АДКОМ
- Г-дин Никола Мицевски-Генерален Директор ЈП Исар Штип

## Редакциски одбор

- Филип Иванов-МЖСПП Директор на Управата за животна средина/**Координатор на Редакциски Одбор**
- Проф.Др.Благој Голомеов-Универзитет Гоце Делчев-Штип,Декан на факултет за технички науки
- Дејан Мираковски- Универзитет Гоце Делчев-Штип,Продекан на факултет за технички науки
- Проф.Др.Мирко Трипуноски,ФОН Универзитет
- Проф.Др. Елисавета Стикова,Универзитет Кирил и Методиј-Скопје,Медицински Факултет
- Др.Биљана Ангелова,Економски институт-Скопје
- Бранкица Андоновска,ЈП Дрисла-Скопје,Советник по заштита на животна средина
- Милчо Биљановски,ЈП Комунална хигиена-Скопје,Советник за управување со цврст и опасен отпад

## Време и место на одржување

Конференцијата ќе се организира во време траење од два дена.Во текот на конференциските денови покрај работниот дел ќе има и коктел за добредојде на гостите од странство, свечен вечера и разгледување на знаменитостите на Скопје.

Конференцијата ќе се одржи во Бизнис Центарот на Скопски саем во период од 29-30 Септември 2011.

## Котизација

**Котизацијата е задолжителна за сите учесници на конференцијата**

Сите учесници на конференцијата плаќаат котизација во вредност од 4.500,00 денари со вклучено ДДВ.

Во котизацијата е вклучено: присуство на коктел за добредојде-28 Септември,учество на конференција и посета на изложбената сала,зборник на трудови,конференциски сет-(ташна,тефтер,пенкало,беџ,пропаганден материјал)ручек,освежување и кафе паузи за време на конференциските денови,разгледување на знаменитостите на Скопје-29 Септември и присуство на свечена вечера-29 Септември.

## Пријавување на стручни трудови

Авторите кој сакаат да презентираат стручни трудови се повикуваат да достават апстракт од максимум половина страна,не подоцна од 10 Јули 2011год. на следната меил адреса **adkom@t-home.mk .**

Пријавата треба да содржи:

- име на авторот
- наслов на презентацијата
- меил адреса,поштенска адреса и телефон за контакт
- одбрана форма на презентација: усна или постер (Редакцискиот одбор го задржува правото да го одреди начинот на презентација)
- при пишување треба да се користи Times New Roman фонт со големина 12.

Текстот треба да содржи:

- Цел на трудот
- Резултати
- Заклучок

Комплетниот стручен труд треба да биде испратен најдоцна до 01 Септември 2011 и да не биде поголем од 10 страни.

## Работни јазици

Работни јазици на конференцијата се македонски и англиски со обезбеден симултан превод.



## Рокови

**10 Јули-**Испраќање на апстракти
**01 Септември-**Предавање на комплетен труд
**20 Септември-**Плаќање на котизација

## Сместување и превоз

Сместувањето и превозот се во сопствена режија на учесниците.
Резервирано е сместување во Хотел Континентал по намалени цени за учесниците.Хотел Континентал се наоѓа веднаш до Бизнис Центарот на Скопски Саем и е на само 20минути пешачење од центарот на Скопје.

## Пријавување

Пријавување за конференцијата може да се изврши на:

**Тел./факс**
+389 2 2461 971
**Е-маил:**
adkom@t-home.mk
On-line-www.adkom.org.mk
**Моб:**
+389 78 861 501 контакт лице Фани Карамиха Птрушева
**Адреса:**
АДКОМ-Здружение на даватели на комунални услуги на Р.Македонија-Бул.Јане Сандански бр.79А локал 12,1000 Скопје.